Против заплашувањето на учениците

# Практични совети за родители и старатели

Информативен лист

## Што е заплашување?

**Заплашувањето има три клучни карактеристики. Тоа:**

- вклучува злоупотребување на моќ во односите со другите
- е трајно и се повторува, и
- вклучува однесување кое може да биде штетно.

Учениците исто така може да бидат **заплашувани** преку Интернет. Овој вид на заплашување се вика кибер заплашување (cyberbullying), при што се користи технологија, на пример, Интернет или мобилни уреди со цел да се заплашува некој. Тоа може да вклучува испраќање на навредливи текстови и пораки преку електрноска пошта, објавување на штетни пораки и поставување на несоодветни коментари на слики од други лица.

**Заплашувањето** во било каква форма не е прифатливо во училиштата во NSW, без разлика на причините заради кое тоа се јавува. Училиштата се обврзуваат да соработуваат со родителите, персоналот и учениците да ја спречат појавата на заплашување и брзо и ефикасно да реагираат ако тоа се појави.

## Што можете да направите ако го заплашуваат вашето дете?

**Смирено сослушајте го детето и дознајте што се случило во детали**

На вашето дете му е потребно да знае дека ќе го сослушате. Важно е како се чувствува детето и работите што го загрижуваат треба да се сфатат сериозно. Поттикнувајте го вашето дете да ви кажува што се случило. Објаснете му дека е во ред да ви каже дека го заплашуваат.

Откако ќе го сослушате вашето дете за тоа што го загрижува, ако е потребно поставете му прашања за да дознаете подетално што се случило: кој, што, каде, кога.

**Уверете го вашето дете дека не треба да се обвинува себеси**

Децата може да се обвинуваат самите себе и тоа може да предизвика тие да се чувствуваат уште полошо. Зборувајте му на начин со кој ќе покажете дека го подржувате, на пример, ‘Изгледа дека е многу тешко да се справиш со тоа’, или ‘Навистина ми е мило што ми кажа. На училиште треба да се чувствуваш безбедно’.

**Прашајте го детето што сака да направи – и што сака вие да направите**

Важно е да му помогнете на детето да изнајде свое решение бидејќи тоа ќе му помогне да чувствува дека на некој начин може да ја контролира ситуацијата.

Ако вашето дете не е изложено на непосредна опасност и ако има самодоверба, тој/таа може да ги испроба следните стратегии:

- Да го игнорира заплашувањето.
- Да го сврти грбот и да се оддалечи.
- Да се однесува рамнодушно или да се преправа дека му е сеедно.
- Решително да каже “Не” или “Веднаш престани!”.

Ако вашето дете било заплашувано на училиште, дадете му поддршка за тоа да го извести наставникот. Ако вашето дете сака да разговара со некој друг, не во училиштето, или ако сметате дека ќе му помогне да добие дополнителна поддршка, можете да му кажете да ги посети Интернет страниците на Информативната служба за помош на деца (Kids Helpline). Тој/таа исто така може бесплатно да телефонира на 1800 55 1800.

**Кога треба да го контактирам училиштето?**

Вашето дете можеби нема да сака да зборувате со персоналот во училиштето. Разговарајте за оваа идеја и уверете го дека персоналот во училиштето би сакал да знае што се случило и дека може да помогне.

Ако е потребно, закажете средба со наставникот на вашето дете. Исто така, можете да побарате да зборувате со директорот.

Веднаш контактирајте го училиштето ако сте загрижени за безбедноста на вашето дете.

**Поддршка за родители и старатели**

Kids Helpline исто така има телефонска линија за родители на која работи обучен тим кој нуди поддршка, информации и советување за родители на деца на возраст до 18 години. Можете да им телефонирате по цена на локален телефонски повик од 9 ч. наутро до 9 ч. навечер, од понеделник до петок, и од 4 ч. до 9 ч. попладне за викенди на 1300 1300 52.

**Телефонска преведувачка служба**

Ако сакате да телефонирате во училиштето или на Информативната линија за родители во Нов Јужен Велс (Parent Line NSW) и ви треба помош со англискиот јазик, ве молиме јавете се во телефонската преведувачка служба на 131 450, кажете им кој јазик ви е потребен и замолете го телефонистот да телефонира. Телефонистот ќе ве поврзе со преведувач за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга нема да ви наплатат.